# Избори се ближат, тендери се нижат



Јадранка **КОСТОВА**

Пандемијата стивнува, иако никој не знае кога може вирусот да се повамири, а нашата влада како приоритет реши сега да набавува 45 нови возила и тоа на оперативен лизинг. Што би се рекло, село гори, баба се чешла. Та сал пред пред три години „лизингувале“ 45 возила. Центарот за граѓански комуникации ( ЦГК ) лани беше објавил дека за последните две и пол години државните институции набавиле вкупно 392 нови патнички возила за што потрошиле 8,1 милиони евра.

Колку ќе чини новава операција не може да се нагаѓа, но иако ветуваа дека сумата ќе биде прецизирана во огласот, во огласот такво нешто нема. И на прашањето од „Фокус“ зошто ја нема сумата што ќе ја потрошат, одговорија внимавајте „огласот е согласно законот“. Така како што одговараше една министерка која сега е зад решетки поради набавка на еден скап блиндиран Мерцедес.

Она што во истражувањето на ЦГК уште повеќе асоцира на случајот „Тенк“ е што во дури 71 отсто од тендерите за возилава имало само една понуда, при едно чудо дистрибутери, што значи конкуренција –јок. „Ова отвора сомнеж дека државните институции доминантно си купувале такво возила какво што сакале“, фино и логично ќе срочат од ЦГК. И од кого сакале, разбира се. Како што и **Грујо** си имаше ќеиф за Мерцо, нели! Гарант, „жив се јаде“ – барем да им побегнеше со него.

Сетики да се праша човек дал актуелниве се мераклии по тендери или им се лоши ако возилото е постаро од три години? Оти, нели, цел живот во такви се возеле?! Еве, според податоците од ЦГК, просечната старост на противпожарните возила била 28 години, а дури 68 отсто се од минатиот век. Амбулантните, пак, во просек се стари 11 години, но, дури 53 отсто биле добиени како донација или на користење од друга институција. Ама пожарникарите и медицинарите не се функционери, па да не им личи во „старудии“ да се возат.

Но, барем **Шилегов** се загрижи за пожарникарите, та Градот набави пожарникарска скала за 1,7 милиони евра, а **Мицкоски** искажа сомнеж затоа што Загреб набавил иста таква скала за 800.000 евра. Градоначалникот објаснуваше дека се работи за различни скали со различна опрема. Обвинувањето на ВМРО-ДПМНЕ дека Клиничкиот центар што **Филипче** планира да се гради ќе чини четири пати поскапо од оној што сега се гради во Србија, доби реакција од министерот дека е мешање баби и жаби затоа што за белградскиот постоел објект, а кај нас е изградба од почеток.

Фино е што од ВМРО-ДПМНЕ како опозиција имаат сенс во она што е прескапо да гледаат извор на корупција, од што беа изгледа оперирани кога владееја со народните пари. Ама истата бољка ги има навасано и сдсмовциве, па сега како власт се им е „согласно законот“ кога нешто ви делува огин скапо или се набавува без конкуренција. Така што, тендерушите имаат двојни аршини зависно дали гледаат од птичја или од жабја перспектива.

Особено збунувачки делува упорноста со која **Зоран Заев** тврди дека набавката на софтверот за детекција на сообраќајни прекршоци, поради што и **Рашковски** е во притвор, била „кристално чиста“. Или, кога вели дека „Владата може да нарачува софтвер без да праша никого, а на Министерството е дали ќе го користи“! По оваа логика, добро е што секој месец Владата не набавува по некој софтвер којшто потоа ниту едно министерство нема да го користи.

Се прашував оти не се плашат актуелниве пошто за набавката на фамозниот Мерцедес беа осудени неколкумина поради фаворизирање на одредена компанија. Очигледно затворските казни за Груевски и **Јанкуловска** имаат само репресивен елемент, но не и превентивен. Колку ли компании биле фаворизирани за време на оваа влада? Обично тоа се процесуира од некоја идна власт. Рашковски е исклучок, кој главно не го менува правилото кое е „кристално чисто“ ама непишано.

Во секој случај, штом тендери се нижат, тоа е знак дека избори се ближат. Патем, **Груевски** ги зголеми казните во Кривичниот законик додека ги гонеше „домашните непријатели“, но на крајот он ги окрка по новата мерка. Така што, чудна е судбината! Од која не се бега...

**Дал актуелниве се мераклии по тендери или им се лоши ако возилото е постаро од три години? Еве, според податоците од ЦГК, просечната старост на противпожарните возила била 28 години, а дури 68 отсто се од минатиот век. Амбулантните, пак, во просек се стари 11 години, но, дури 53 отсто биле добиени како донација. Ама пожарникарите и медицинарите не се функционери, па да не им личи во „старудии“ да се возат**